**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"- БИТОЛА**
**ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ**
**Бр.08-697/6**
**21.10.2021 година**
**С К ОП Ј Е**

Врз основа на член 110 од Законот за високото образование („Службен весник" бр. 82/18), Наставно-научниот совет на Факултетот за безбедност, на седницата одржана на ден 21.10.2021 година, донесе

# О Д Л У К А
## за дополнителна ноемвриска сесија во академската 2021/2022 година на Факултетот за безбедност

1. Се утврдува дополнителен испитен рок (испитна сесија) за студентите на Факултет за безбедност, во месец **НОЕМВРИ (**ноемвриски испитен рок), во академската 2021/2022 година.

2. Студентите во ноемврискиот испитен рок можат да полагаат само презапишани предмети од непарните семестри и запишани и презапишани предмети од парните семестри, со уплата на надомест во износ од 1.000,00 денари по предметна програма (испит).

3. Право на користење на ноемврискиот испитен рок (испитна сесија) имаат студентите на Факултетот за безбедност, со статус апсолвент, (кои имаат евидентирано апсолвентски стаж во академската 2021/2022 година), а имаат заостанати неположени испити, без оглед во кој семестар е предметната програма, без уплата на надомест за полагање (по прв пат).

4. Студентите по завршување на дополнителниот ноемврски рок ќе можат да запишат нови предмети од соодветните непарни семестри најмногу до бројот на освоените кредити од повторно запишаните предмети што ги положиле во дополнителниот ноемвриски испитен рок.

5. Пријавувањето на испитите е од 08.11.2021 година до 12.11.2021 година.

6. Испитната сесија ќе трае од 22.11.2021 година до 10.12.2021 година.

7. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување.

**Д Е К А Н**

**Вонреден проф. д-р Никола Дујовски**

Доставено до: Продекан за настава, Координаторот за ЕКТС на Факултетот, Одделение за студентски прашања и архива.
Одлуката да се истакне на огласна табла и да се објави на веб страната на Факултетот.